8. И Ние го задолживме човекот да се однесува убаво кон родителите свои. А ако се трудат да Ми припишуваат здруженик, а немаш никакво знаење за тоа, тогаш, немој да ги слушаш. Кон Мене води враќањето ваше па јас ќе ве известам за она што го работевте.

وَوَصَّيْنَا الْإِنْسَانَ بِوَالِدَيْهِ حُسْنًا وَإِنْ جَاهَدَاكَ لِتُشْرِكَ بِي مَا لَيْسَ لَكَ بِهِ عِلْمٌ فَلَا تُطِعْهُمَا إِلَيَّ مَرْجِعُكُمْ فَأُنَبِّئُكُمْ بِمَا كُنْتُمْ تَعْمَلُونَ ٨

9.А оние кои веруваат и кои работат добри дела Ние ќе ги воведеме меѓу добрите.

وَالَّذِينَ آمَنُوا وَعَمِلُوا الصَّالِحَاتِ لَنُدْخِلَنَّهُمْ فِي الصَّالِحِينَ ٩

10.Меѓу луѓето има и такви кои зборуваат: - “Веруваме во Аллах” - а кога ќе им се случи незгода по патот на Аллах, мислат дека сплетката на луѓето е како казната на Аллах. А ако им дојде помош од Господарот твој, сигурно ќе речат: “Ние, навистина, бевме со вас!” - Нели е Аллах Оној кој добро го знае она што е во градите на луѓето?

وَمِنَ النَّاسِ مَنْ يَقُولُ آمَنَّا بِاللَّهِ فَإِذَا أُوذِيَ فِي اللَّهِ جَعَلَ فِتْنَةَ النَّاسِ كَعَذَابِ اللَّهِ وَلَئِنْ جَاءَ نَصْرٌ مِنْ رَبِّكَ لَيَقُولُنَّ إِنَّا كُنَّا مَعَكُمْ أَوَلَيْسَ اللَّهُ بِأَعْلَمَ بِمَا فِي صُدُورِ الْعَالَمِينَ ١٠

11. И Аллах, секако, ги знае оние кои веруваат, а секако ги знае и лицемерните!

وَلَيَعْلَمَنَّ اللَّهُ الَّذِينَ آمَنُوا وَلَيَعْلَمَنَّ الْمُنَافِقِينَ ١١

12. Оние кои не веруваат им зборуваат на оние кои веруваат: “Следете го патот наш, зашто ќе ги понесеме, навистина, гревовите ваши!” - Оние не можат да понесат ниеден грев свој; лашковци се, навистина!

وَقَالَ الَّذِينَ كَفَرُوا لِلَّذِينَ آمَنُوا اتَّبِعُوا
سَبِيلَنَا وَلْنَحْمِلْ خَطَايَاكُمْ وَمَا هُم بِحَامِلِينَ
مِنْ خَطَايَاهُم مِّن شَيْءٍ ۖ إِنَّهُمْ لَكَاذِبُونَ ١٢

13. Ќе го понесат сигурно бремето свое, а и бремето со другите бремиња свои. А на Денот суден ќе одговараат за она што го сплеткареа.

وَلَيَحْمِلُنَّ أَثْقَالَهُمْ وَأَثْقَالًا مَّعَ أَثْقَالِهِمْ ۖ وَلَيُسْأَلُنَّ
يَوْمَ الْقِيَامَةِ عَمَّا كَانُوا يَفْتَرُونَ ١٣

14. И Нух веќе Ние го испративме до народот негов, и тој остана меѓу нив илјада, помалку педесет години. Па ги погоди потопот, зашто беа зулумќари.

وَلَقَدْ أَرْسَلْنَا نُوحًا إِلَىٰ قَوْمِهِ فَلَبِثَ
فِيهِمْ أَلْفَ سَنَةٍ إِلَّا خَمْسِينَ عَامًا
فَأَخَذَهُمُ الطُّوفَانُ وَهُمْ ظَالِمُونَ ١٤

15. Па, Ние ги избавивме Нуха и луѓето на бродот, и ги определивме како знамение за световите.

فَأَنجَيْنَاهُ وَأَصْحَابَ السَّفِينَةِ وَجَعَلْنَاهَا
آيَةً لِّلْعَالَمِينَ ١٥

16. И Ибрахим, исто така, кога му рече на народот свој: “Обожавајте го Аллаха и плашете се од него. Ете, тоа ви е подобро ако знаете.

وَإِبْرَاهِيمَ إِذْ قَالَ لِقَوْمِهِ اعْبُدُوا اللَّهَ وَاتَّقُوهُ ۖ
ذَٰلِكُمْ خَيْرٌ لَّكُمْ إِن كُنتُمْ تَعْلَمُونَ ١٦

17. Вие ги обожававте киповите а не Аллаха, навистина! И лага создавате. Оние кои, секако, обожаваат друг бог, освен Аллах, не поседуваат ‘рск за вас. Та, од Аллах посакувајте ‘рск; обожавајте Го и бидете Му

إِنَّمَا تَعْبُدُونَ مِن دُونِ اللَّهِ أَوْثَانًا وَتَخْلُقُونَ
إِفْكًا ۚ إِنَّ الَّذِينَ تَعْبُدُونَ مِن دُونِ اللَّهِ
لَا يَمْلِكُونَ لَكُمْ رِزْقًا فَابْتَغُوا عِندَ اللَّهِ الرِّزْقَ
وَاعْبُدُوهُ وَاشْكُرُوا لَهُ ۖ إِلَيْهِ تُرْجَعُونَ ١٧

благодарни. Нему ќе Му се вратите!"

18. А ако го сметате за лашко... та, и народот пред вас ги сметаше за лашковци. Пејгамберот е должен само да извести јасно!

وَإِن تُكَذِّبُوا۟ فَقَدْ كَذَّبَ أُمَمٌ مِّن قَبْلِكُمْ
وَمَا عَلَى ٱلرَّسُولِ إِلَّا ٱلْبَلَٰغُ ٱلْمُبِينُ ﴿١٨﴾

19. Не гледаат ли како Аллах го почнува создавањето, и како го возобновува? Ете, тоа за Аллах е лесно, навистина!

أَوَلَمْ يَرَوْا۟ كَيْفَ يُبْدِئُ ٱللَّهُ ٱلْخَلْقَ ثُمَّ
يُعِيدُهُۥٓ ۚ إِنَّ ذَٰلِكَ عَلَى ٱللَّهِ يَسِيرٌ ﴿١٩﴾

20. Кажи:"Патувајте по земјата па погледнете како започна создавањето. Потоа Аллах тоа ќе го создаде на Денот суден." Аллах, навистина, е Кадар за сè!

قُلْ سِيرُوا۟ فِى ٱلْأَرْضِ فَٱنظُرُوا۟ كَيْفَ
بَدَأَ ٱلْخَلْقَ ۚ ثُمَّ ٱللَّهُ يُنشِئُ ٱلنَّشْأَةَ ٱلْءَاخِرَةَ ۚ
إِنَّ ٱللَّهَ عَلَىٰ كُلِّ شَىْءٍ قَدِيرٌ ﴿٢٠﴾

21. Он казнува кого сака и Он се смилува кому сака; и Нему ќе Му се вратите!

يُعَذِّبُ مَن يَشَآءُ وَيَرْحَمُ مَن يَشَآءُ ۖ وَإِلَيْهِ
تُقْلَبُونَ ﴿٢١﴾

22. Не ќе можете да ја избегнете казната ни на Земјата ни на небото. Вие, освен Аллах, немате ни заштитник ни поддржник!

وَمَآ أَنتُم بِمُعْجِزِينَ فِى ٱلْأَرْضِ وَلَا فِى ٱلسَّمَآءِ ۖ
وَمَا لَكُم مِّن دُونِ ٱللَّهِ مِن وَلِىٍّ وَلَا نَصِيرٍ ﴿٢٢﴾

23. Оние кои не веруваат во знаменијата Аллахови и во средбата со Него...онаквите не тагуваат за милоста Моја; за нив има казна болна!

وَٱلَّذِينَ كَفَرُوا۟ بِـَٔايَٰتِ ٱللَّهِ وَلِقَآئِهِۦٓ أُو۟لَٰٓئِكَ
يَئِسُوا۟ مِن رَّحْمَتِى وَأُو۟لَٰٓئِكَ لَهُمْ عَذَابٌ أَلِيمٌ ﴿٢٣﴾

24. Одговорот на народот на Ибрахим беше: "Убијте го или фрлете го во оган!" Па, Аллах

فَمَا كَانَ جَوَابَ قَوْمِهِۦٓ إِلَّآ أَن قَالُوا۟ ٱقْتُلُوهُ
أَوْ حَرِّقُوهُ فَأَنجَىٰهُ ٱللَّهُ مِنَ ٱلنَّارِ ۚ إِنَّ فِى ذَٰلِكَ

го избави од огнот. Ете, во тоа, навистина, има знамениja за луѓето кои веруваат.

لَآيَٰتٖ لِّقَوۡمٖ يُؤۡمِنُونَ ٢٤

25. И Ибрахим рече: “Да, вие прифативте други божества, освен Аллах, заради наклоноста едникондруги во животот на овој свет. Потоа, на Денот суден, не ќе признаваат единсодруги, ќе се проколнуваат еднисодруги - а огнот е престојувалиштето ваше. Не ќе имате никакви поддржници!

وَقَالَ إِنَّمَا ٱتَّخَذۡتُم مِّن دُونِ ٱللَّهِ أَوۡثَٰنٗا مَّوَدَّةَ
بَيۡنِكُمۡ فِي ٱلۡحَيَوٰةِ ٱلدُّنۡيَاۖ ثُمَّ يَوۡمَ ٱلۡقِيَٰمَةِ
يَكۡفُرُ بَعۡضُكُم بِبَعۡضٖ وَيَلۡعَنُ
بَعۡضُكُم بَعۡضٗا وَمَأۡوَىٰكُمُ ٱلنَّارُ
وَمَا لَكُم مِّن نَّٰصِرِينَ ٢٥

26. И Лут нему му поверува, и рече: “Јас сум, навистина, патник кон Господарот мој. Он, секако, е Силен и Мудар!”

۞ فَـَٔامَنَ لَهُۥ لُوطٞۘ وَقَالَ إِنِّي مُهَاجِرٌ إِلَىٰ رَبِّيٓۖ
إِنَّهُۥ هُوَ ٱلۡعَزِيزُ ٱلۡحَكِيمُ ٢٦

27. И Ние му го подаривме Исхака и Јакуба, а на потомството негово и пратеништво и Книга му дадовме. И му ја дадовме наградата на овој свет, а на Ахирет тој ќе биде, навистина, меѓу добрите!

وَوَهَبۡنَا لَهُۥٓ إِسۡحَٰقَ وَيَعۡقُوبَ وَجَعَلۡنَا فِي ذُرِّيَّتِهِ
ٱلنُّبُوَّةَ وَٱلۡكِتَٰبَ وَءَاتَيۡنَٰهُ أَجۡرَهُۥ فِي ٱلدُّنۡيَاۖ
وَإِنَّهُۥ فِي ٱلۡأٓخِرَةِ لَمِنَ ٱلصَّٰلِحِينَ ٢٧

28. И кога Лут му рече на народот свој: “Вие, навистина, правите срамно дело во кое никој пред вас меѓу луѓето не претходеше.”

وَلُوطًا إِذۡ قَالَ لِقَوۡمِهِۦٓ إِنَّكُمۡ لَتَأۡتُونَ
ٱلۡفَٰحِشَةَ مَا سَبَقَكُم بِهَا مِنۡ أَحَدٖ
مِّنَ ٱلۡعَٰلَمِينَ ٢٨

29. На мажите ли ќе им пристапувате, и патиштата ли ќе ги пресечувате, и на состаноците ваши ли срамно дело ќе

أَئِنَّكُمۡ لَتَأۡتُونَ ٱلرِّجَالَ وَتَقۡطَعُونَ ٱلسَّبِيلَ
وَتَأۡتُونَ فِي نَادِيكُمُ ٱلۡمُنكَرَۖ فَمَا كَانَ
جَوَابَ قَوۡمِهِۦٓ إِلَّآ أَن قَالُواْ ٱئۡتِنَا بِعَذَابِ

правите? Одговорот нивни беше само следното тврдење: “Дај ни ја казната Аллахова ако си меѓу искрените!”

ٱللَّهِ إِن كُنتَ مِنَ ٱلصَّٰدِقِينَ ٢٩

30. Лут рече: “Господаре мој, помогни ни против народот безреднички!”

قَالَ رَبِّ ٱنصُرْنِي عَلَى ٱلْقَوْمِ
ٱلْمُفْسِدِينَ ٣٠

31. И бидејќи гласниците Наши му дојдоа на Ибрахим со радосница, рекоа: “Да, ние ќе ги уништиме жителите на овој град. Жителите негови, секако, се зулумќарите!”

وَلَمَّا جَآءَتْ رُسُلُنَآ إِبْرَٰهِيمَ بِٱلْبُشْرَىٰ قَالُوٓا۟
إِنَّا مُهْلِكُوٓا۟ أَهْلِ هَٰذِهِ ٱلْقَرْيَةِ ۖ إِنَّ أَهْلَهَا
كَانُوا۟ ظَٰلِمِينَ ٣١

32. Ибрахим рече: “Да, во него живее Лут.” Рекоа: “Ние најдобро знаеме кој живее во него. Ќе го спасиме него и семејството негово, но не и жената негова, зашто таа беше меѓу казнетите.”

قَالَ إِنَّ فِيهَا لُوطًا ۚ قَالُوا۟ نَحْنُ أَعْلَمُ بِمَن فِيهَا ۖ
لَنُنَجِّيَنَّهُۥ وَأَهْلَهُۥٓ إِلَّا ٱمْرَأَتَهُۥ كَانَتْ
مِنَ ٱلْغَٰبِرِينَ ٣٢

33. И бидејќи гласниците Наши му дојдоа на Лут, почувствува неудобност; градите му се стеснаа. Рекоа: “Не плаши се и не тагувај! Тебе и семејството твое, навистина, ќе ве спасиме, но не и жената твоја која, всушност, е меѓу казнетите!”

وَلَمَّآ أَن جَآءَتْ رُسُلُنَا لُوطًا سِىٓءَ بِهِمْ
وَضَاقَ بِهِمْ ذَرْعًا وَقَالُوا۟ لَا تَخَفْ وَلَا تَحْزَنْ ۖ
إِنَّا مُنَجُّوكَ وَأَهْلَكَ إِلَّا ٱمْرَأَتَكَ
كَانَتْ مِنَ ٱلْغَٰبِرِينَ ٣٣

34. Да, на жителите од овој град ќе им спуштиме казна од небо заради пакоста што ја правеа.

إِنَّا مُنزِلُونَ عَلَىٰٓ أَهْلِ هَٰذِهِ ٱلْقَرْيَةِ رِجْزًا
مِّنَ ٱلسَّمَآءِ بِمَا كَانُوا۟ يَفْسُقُونَ ٣٤

35. Ние знамение јасно оставивме од него за луѓето кои сфаќаат.

وَلَقَد تَّرَكۡنَا مِنۡهَآ ءَايَةَۢ بَيِّنَةٗ لِّقَوۡمٖ
يَعۡقِلُونَ ٣٥

36. И до Медјен дојде братот нивни Шуајб, па рече: “О народе мој, обожавајте Го Аллаха, надевајте се во Денот ахиретски и не сејте по земјата безредие!”

وَإِلَىٰ مَدۡيَنَ أَخَاهُمۡ شُعَيۡبٗا فَقَالَ يَٰقَوۡمِ
ٱعۡبُدُواْ ٱللَّهَ وَٱرۡجُواْ ٱلۡيَوۡمَ ٱلۡأٓخِرَ وَلَا تَعۡثَوۡاْ
فِي ٱلۡأَرۡضِ مُفۡسِدِينَ ٣٦

37. Па, го сметаа за лашко и, ете, ги погоди земјотрес: останаа во домовите нивни, скаменети!

فَكَذَّبُوهُ فَأَخَذَتۡهُمُ ٱلرَّجۡفَةُ
فَأَصۡبَحُواْ فِي دَارِهِمۡ جَٰثِمِينَ ٣٧

38. И Ад и Семуд, исто така! Да, ви беше јасно она што се случи со становите нивни. И Шејтанот им ги разубави делата нивни и ги одврати од патот, а тоа јасно го гледаа.

وَعَادٗا وَثَمُودَاْ وَقَد تَّبَيَّنَ لَكُم
مِّن مَّسَٰكِنِهِمۡۖ وَزَيَّنَ لَهُمُ ٱلشَّيۡطَٰنُ
أَعۡمَٰلَهُمۡ فَصَدَّهُمۡ عَنِ ٱلسَّبِيلِ
وَكَانُواْ مُسۡتَبۡصِرِينَ ٣٨

39. И Карун, и фараонот и Хаман, исто така! Им дојде Муса со јаснотии, и се дуеја по земјата, и казната не ја избегнаа.

وَقَٰرُونَ وَفِرۡعَوۡنَ وَهَٰمَٰنَۖ وَلَقَدۡ جَآءَهُم
مُّوسَىٰ بِٱلۡبَيِّنَٰتِ فَٱسۡتَكۡبَرُواْ فِي ٱلۡأَرۡضِ
وَمَا كَانُواْ سَٰبِقِينَ ٣٩

40. Да, Ние ги казнивме заради гревовите негови. На некои од нив Ние им испративме страшен глас, на некои од нив им испративме глас силен, а некои од нив, пак, ги згмечивме во земјата, а некои, пак, ги потопивме. Но, Аллах никаков зулум не им направи, оние самите зулум си направија!

فَكُلًّا أَخَذۡنَا بِذَنۢبِهِۦۖ فَمِنۡهُم مَّنۡ أَرۡسَلۡنَا عَلَيۡهِ
حَاصِبٗا وَمِنۡهُم مَّنۡ أَخَذَتۡهُ ٱلصَّيۡحَةُ
وَمِنۡهُم مَّنۡ خَسَفۡنَا بِهِ ٱلۡأَرۡضَ
وَمِنۡهُم مَّنۡ أَغۡرَقۡنَاۚ وَمَا كَانَ ٱللَّهُ لِيَظۡلِمَهُمۡ
وَلَٰكِن كَانُوٓاْ أَنفُسَهُمۡ يَظۡلِمُونَ ٤٠

41. Оние кои прифатија други заштитници, освен Аллах, се

مَثَلُ ٱلَّذِينَ ٱتَّخَذُواْ مِن دُونِ ٱللَّهِ أَوۡلِيَآءَ

слични на пајажина која си го плете домот. А најслабиот дом, навистина, е домот на пајажината. Е, само кога би знаеле!

كَمَثَلِ ٱلْعَنكَبُوتِ ٱتَّخَذَتْ بَيْتًا ۖ
وَإِنَّ أَوْهَنَ ٱلْبُيُوتِ لَبَيْتُ ٱلْعَنكَبُوتِ ۖ
لَوْ كَانُوا۟ يَعْلَمُونَ ﴿٤١﴾

42. Да, Аллах ги знае оние кои, освен Аллах, се повикуваат. Он е Силен и Мудар!

إِنَّ ٱللَّهَ يَعْلَمُ مَا يَدْعُونَ مِن دُونِهِۦ مِن شَىْءٍ ۚ
وَهُوَ ٱلْعَزِيزُ ٱلْحَكِيمُ ﴿٤٢﴾

43. И овие примери Ние ти ги изнесуваме за лугето. И само зналците нив ги сфаќаат.

وَتِلْكَ ٱلْأَمْثَٰلُ نَضْرِبُهَا لِلنَّاسِ ۖ
وَمَا يَعْقِلُهَآ إِلَّا ٱلْعَٰلِمُونَ ﴿٤٣﴾

44. И небесата и земјата Аллах ги создаде со вистина. Ете, во тоа, навистина, има знамение за верниците!

خَلَقَ ٱللَّهُ ٱلسَّمَٰوَٰتِ وَٱلْأَرْضَ بِٱلْحَقِّ ۚ
إِنَّ فِى ذَٰلِكَ لَءَايَةً لِّلْمُؤْمِنِينَ ﴿٤٤﴾

45. И кажувај го од Книгата она што ти се вдахнува, и намаз извршувај. Намазот, навистина, те одвраќа од пакоста и од срамното дело. Споменувањето на Аллах, секако, е најголема работа. Аллах го знае она што го правите!

ٱتْلُ مَآ أُوحِىَ إِلَيْكَ مِنَ ٱلْكِتَٰبِ وَأَقِمِ ٱلصَّلَوٰةَ ۖ
إِنَّ ٱلصَّلَوٰةَ تَنْهَىٰ عَنِ ٱلْفَحْشَآءِ
وَٱلْمُنكَرِ ۗ وَلَذِكْرُ ٱللَّهِ أَكْبَرُ ۗ وَٱللَّهُ
يَعْلَمُ مَا تَصْنَعُونَ ﴿٤٥﴾

46. И не расправајте со Следбениците на Книгата, освен на најдобар начин, а не и со оние меѓу нив кои зулум направија. И кажете: “Веруваме и во она што ни се објавува и во она што ви се објавува. И нашиот и вашиот

۞ وَلَا تُجَٰدِلُوٓا۟ أَهْلَ ٱلْكِتَٰبِ إِلَّا بِٱلَّتِى
هِىَ أَحْسَنُ إِلَّا ٱلَّذِينَ ظَلَمُوا۟ مِنْهُمْ ۖ وَقُولُوٓا۟ ءَامَنَّا
بِٱلَّذِىٓ أُنزِلَ إِلَيْنَا وَأُنزِلَ إِلَيْكُمْ
وَإِلَٰهُنَا وَإِلَٰهُكُمْ وَٰحِدٌ وَنَحْنُ لَهُۥ مُسْلِمُونَ ﴿٤٦﴾

Бог е еден Бог; ние сме само Нему Послушни."

47. Ете, така Ние ти ја објавивме Книгата. Па, оние на кои Книга им дадовме веруваат во неа. И меѓу нив, исто така, има кои веруваат во неа. А за ајетите Наши расправаат само неверниците.

وَكَذَٰلِكَ أَنزَلْنَآ إِلَيْكَ ٱلْكِتَٰبَ ۚ فَٱلَّذِينَ
ءَاتَيْنَٰهُمُ ٱلْكِتَٰبَ يُؤْمِنُونَ بِهِۦ ۖ وَمِنْ هَٰٓؤُلَآءِ
مَن يُؤْمِنُ بِهِۦ ۚ وَمَا يَجْحَدُ بِـَٔايَٰتِنَآ
إِلَّا ٱلْكَٰفِرُونَ ﴿٤٧﴾

48. Ти пред неа не кажуваше ниту една Книга, а не ја пишуваше ни со твојата десна рака...во овој случај ќе се посомневаа оние кои невистина зборуваа.

وَمَا كُنتَ تَتْلُوا۟ مِن قَبْلِهِۦ مِن كِتَٰبٍ وَلَا تَخُطُّهُۥ
بِيَمِينِكَ ۖ إِذًا لَّٱرْتَابَ ٱلْمُبْطِلُونَ ﴿٤٨﴾

49. Книгата ја сочинуваат ајетите јасни во градите на оние со даденото им знаење. И за ајетите Наши расправаат само неверниците.

بَلْ هُوَ ءَايَٰتٌۢ بَيِّنَٰتٌ فِى صُدُورِ ٱلَّذِينَ أُوتُوا۟
ٱلْعِلْمَ ۚ وَمَا يَجْحَدُ بِـَٔايَٰتِنَآ
إِلَّا ٱلظَّٰلِمُونَ ﴿٤٩﴾

50. И зборуваат:"Зошто не му се објавуваат знаменија од Господарот негов?" Кажи: "Знаменијата се, навистина, кај Аллах. Јас сум само опоменувач јасен!"

وَقَالُوا۟ لَوْلَآ أُنزِلَ عَلَيْهِ ءَايَٰتٌ مِّن رَّبِّهِۦ ۖ
قُلْ إِنَّمَا ٱلْءَايَٰتُ عِندَ ٱللَّهِ وَإِنَّمَآ أَنَا۠ نَذِيرٌ
مُّبِينٌ ﴿٥٠﴾

51. Не се задоволуваат ли со тоа што Ние, секако, ти објавивме Книга која им се кажува? Ете, во тоа, навистина, има милост и опомена за луѓето кои веруваат!

أَوَلَمْ يَكْفِهِمْ أَنَّآ أَنزَلْنَا عَلَيْكَ ٱلْكِتَٰبَ
يُتْلَىٰ عَلَيْهِمْ ۚ إِنَّ فِى ذَٰلِكَ لَرَحْمَةً
وَذِكْرَىٰ لِقَوْمٍ يُؤْمِنُونَ ﴿٥١﴾

52. Кажи: “Аллах е доволен Сведок меѓу мене и меѓу вас. Го знае и она што е на небесата и она што е на Земјата. Оние кои во неисправното веруваат и кои не веруваат во Аллах, токму, се поразените.

قُلْ كَفَىٰ بِٱللَّهِ بَيْنِى وَبَيْنَكُمْ شَهِيدًا يَعْلَمُ
مَا فِى ٱلسَّمَٰوَٰتِ وَٱلْأَرْضِ وَٱلَّذِينَ
ءَامَنُوا۟ بِٱلْبَٰطِلِ وَكَفَرُوا۟ بِٱللَّهِ أُو۟لَٰٓئِكَ
هُمُ ٱلْخَٰسِرُونَ ﴿٥٢﴾

53. И оние посакуваат од тебе што побрзо да им дојде казната. А да нема рок определен, казната, секако, ќе им дојдеше. Несреќата ќе им дојде, навистина, ненадејно, без и да усетат.

وَيَسْتَعْجِلُونَكَ بِٱلْعَذَابِ وَلَوْلَآ أَجَلٌ مُّسَمًّى
لَّجَآءَهُمُ ٱلْعَذَابُ وَلَيَأْتِيَنَّهُم بَغْتَةً وَهُمْ لَا يَشْعُرُونَ ﴿٥٣﴾

54. И оние посакуваат од тебе што побрзо да им дојде казната. А Џехеннемот, секако, ќе ги опфати неверниците:

يَسْتَعْجِلُونَكَ بِٱلْعَذَابِ وَإِنَّ جَهَنَّمَ
لَمُحِيطَةٌۢ بِٱلْكَٰفِرِينَ ﴿٥٤﴾

55. на Денот кога ќе ги обземе казната и над нив и под нив, и кога ќе им се рече: “Искусете го она што го работевте!”

يَوْمَ يَغْشَىٰهُمُ ٱلْعَذَابُ مِن فَوْقِهِمْ وَمِن تَحْتِ
أَرْجُلِهِمْ وَيَقُولُ ذُوقُوا۟ مَا كُنتُمْ تَعْمَلُونَ ﴿٥٥﴾

56. О робови мои, вие кои верувате, Земјата Моја е широка - та, само Мене обожавајте Ме!

يَٰعِبَادِىَ ٱلَّذِينَ ءَامَنُوٓا۟ إِنَّ أَرْضِى وَٰسِعَةٌ
فَإِيَّٰىَ فَٱعْبُدُونِ ﴿٥٦﴾

57. Секој човек ќе ја проба смртта. Потоа Нам ќе ни се вратите.

كُلُّ نَفْسٍ ذَآئِقَةُ ٱلْمَوْتِ ثُمَّ إِلَيْنَا تُرْجَعُونَ ﴿٥٧﴾

58. А на оние кои веруваат и кои работат добри дела Ние ќе ги известиме дека во Џеннетот

وَٱلَّذِينَ ءَامَنُوا۟ وَعَمِلُوا۟ ٱلصَّٰلِحَٰتِ لَنُبَوِّئَنَّهُم
مِّنَ ٱلْجَنَّةِ غُرَفًا تَجْرِى مِن تَحْتِهَا ٱلْأَنْهَٰرُ خَٰلِدِينَ

има одаи под кои реки течат, и во нив за навек ќе останат. Е, само колку е убава наградата за трудољубивите:

فِيهَا نِعْمَ أَجْرُ الْعَامِلِينَ ۝٥٨

59. оние кои беа трпеливи и кои се потпираа врз Господарот свој.

الَّذِينَ صَبَرُوا وَعَلَىٰ رَبِّهِمْ يَتَوَكَّلُونَ ۝٥٩

60. И колку животни има кои не си го стекнуваат ‘рскот нивни. Нив и вас Аллах ве храни. Он е Слушач и Зналец!

وَكَأَيِّن مِّن دَابَّةٍ لَّا تَحْمِلُ رِزْقَهَا اللَّهُ يَرْزُقُهَا
وَإِيَّاكُمْ وَهُوَ السَّمِيعُ الْعَلِيمُ ۝٦٠

61. А кога, пак, би ги прашал: Кој ги создаде небесата и Земјата, и кој ги потчини Сонцето и Месечината, сигурно ќе речат: “Аллах!” Па, тогаш каде кинисуваат?!

وَلَئِن سَأَلْتَهُم مَّنْ خَلَقَ السَّمَاوَاتِ وَالْأَرْضَ وَسَخَّرَ
الشَّمْسَ وَالْقَمَرَ لَيَقُولُنَّ اللَّهُ فَأَنَّىٰ يُؤْفَكُونَ ۝٦١

62. Аллах дава ‘рск кому сака од робовите Свои, и Он му одредува мера. Аллах, навистина, знае сè!

اللَّهُ يَبْسُطُ الرِّزْقَ لِمَن يَشَاءُ مِنْ عِبَادِهِ وَيَقْدِرُ لَهُ
إِنَّ اللَّهَ بِكُلِّ شَيْءٍ عَلِيمٌ ۝٦٢

63. А кога, пак, би ги прашал: “Кој спушта вода од небесата, со која ја оживува земјата по мртвилото нејзино?“Сигурно ќе речат: “Аллах!” Кажи:“Благодарение на Аллах!” Но, мноинството од нив не сфаќаат.

وَلَئِن سَأَلْتَهُم مَّن نَّزَّلَ مِنَ السَّمَاءِ مَاءً فَأَحْيَا
بِهِ الْأَرْضَ مِن بَعْدِ مَوْتِهَا لَيَقُولُنَّ اللَّهُ
قُلِ الْحَمْدُ لِلَّهِ بَلْ أَكْثَرُهُمْ لَا يَعْقِلُونَ ۝٦٣

64. Животот на овој свет е само игра и забава; животот во Куќата ахиретска, секако, е вистинскиот. Е, кога би знаеле!

وَمَا هَٰذِهِ الْحَيَاةُ الدُّنْيَا إِلَّا لَهْوٌ وَلَعِبٌ وَإِنَّ الدَّارَ
الْآخِرَةَ لَهِيَ الْحَيَوَانُ لَوْ كَانُوا يَعْلَمُونَ ۝٦٤

65. Кога ќе се качат во чамецот го повикуваат Аллаха, чисто, исповедувајќи ја верата, и бидејќи ќе ги избави на копно, ете, здруженик Му припишуваат,

فَإِذَا رَكِبُوا فِي الْفُلْكِ دَعَوُا اللَّهَ مُخْلِصِينَ لَهُ الدِّينَ
فَلَمَّا نَجَّاهُمْ إِلَى الْبَرِّ إِذَا هُمْ يُشْرِكُونَ ﴿٦٥﴾

66. за да бидат незаблагодарни за она што Ние им го дадовме, и за да уживаат; па, ќе узнаат!

لِيَكْفُرُوا بِمَا آتَيْنَاهُمْ وَلِيَتَمَتَّعُوا فَسَوْفَ
يَعْلَمُونَ ﴿٦٦﴾

67. Не гледаат ли дека Ние харемот го направивме безбеден? Околу него луѓето еднисо-други се крадат. Па, во невистината ли веруваат, а благодатот Аллахов не го признаваат?

أَوَلَمْ يَرَوْا أَنَّا جَعَلْنَا حَرَمًا آمِنًا وَيُتَخَطَّفُ
النَّاسُ مِنْ حَوْلِهِمْ أَفَبِالْبَاطِلِ يُؤْمِنُونَ
وَبِنِعْمَةِ اللَّهِ يَكْفُرُونَ ﴿٦٧﴾

68. И кој е поголем зулумќар од оној кој измислува лага врз Аллах, или кој ја смета лажна Вистината а веќе таа им дојде? Нели во Џехеннемот е престојувалиштето за неверниците?

وَمَنْ أَظْلَمُ مِمَّنِ افْتَرَى عَلَى اللَّهِ كَذِبًا أَوْ كَذَّبَ
بِالْحَقِّ لَمَّا جَاءَهُ أَلَيْسَ فِي جَهَنَّمَ مَثْوًى
لِلْكَافِرِينَ ﴿٦٨﴾

69. А оние кои се борат за Нас ќе ги упатиме по патиштата Наши. Аллах, навистина, е со доброчинителите!

وَالَّذِينَ جَاهَدُوا فِينَا لَنَهْدِيَنَّهُمْ سُبُلَنَا
وَإِنَّ اللَّهَ لَمَعَ الْمُحْسِنِينَ ﴿٦٩﴾

ЕР-РУУМ (Византијци) XXX



Во името на Аллах, Милостивиот Сомилосен!

بِسْمِ اللَّهِ الرَّحْمَٰنِ الرَّحِيمِ

1. Елиф, лам, мим!

الٓمٓ ﴿١﴾

2. Византијците се победени,

غُلِبَتِ ٱلرُّومُ ﴿٢﴾

3. во земјата соседна: по поразот нивни ќе победат

فِيٓ أَدۡنَى ٱلۡأَرۡضِ وَهُم مِّنۢ بَعۡدِ
غَلَبِهِمۡ سَيَغۡلِبُونَ ﴿٣﴾

4. за неколку години. Наредбата е - Аллахова и пред и по. На Денот тој ќе ѝ се радуваат верниците

فِي بِضۡعِ سِنِينَۗ لِلَّهِ ٱلۡأَمۡرُ مِن قَبۡلُ وَمِنۢ بَعۡدُۚ
وَيَوۡمَئِذٖ يَفۡرَحُ ٱلۡمُؤۡمِنُونَ ﴿٤﴾

5. на помошта Аллахова. Он помага кому сака. Он е Силен и Семилосен!

بِنَصۡرِ ٱللَّهِۚ يَنصُرُ مَن يَشَآءُۖ
وَهُوَ ٱلۡعَزِيزُ ٱلرَّحِيمُ ﴿٥﴾

6. Ветувањето е - Аллахово. А Аллах не го изневерува ветувањето Свое. Но, мнозинството на луѓето не знаат!

وَعۡدَ ٱللَّهِۖ لَا يُخۡلِفُ ٱللَّهُ وَعۡدَهُۥ وَلَٰكِنَّ أَكۡثَرَ ٱلنَّاسِ
لَا يَعۡلَمُونَ ﴿٦﴾

7. Ја знаат само надворешноста на животот на овој свет, а за Ахирет се рамнодушни!

يَعۡلَمُونَ ظَٰهِرٗا مِّنَ ٱلۡحَيَوٰةِ ٱلدُّنۡيَا وَهُمۡ عَنِ ٱلۡأٓخِرَةِ
هُمۡ غَٰفِلُونَ ﴿٧﴾

8. Зошто не размислуваат за самите себеси? Она што Аллах го создаде и на небесата и на Земјата, и она меѓу нив, го создаде само со вистина и до рок определен. Мнозинството на луѓето, навистина, не веруваат во средбата со Господарот свој!

أَوَلَمۡ يَتَفَكَّرُواْ فِيٓ أَنفُسِهِمۗ مَّا خَلَقَ ٱللَّهُ ٱلسَّمَٰوَٰتِ
وَٱلۡأَرۡضَ وَمَا بَيۡنَهُمَآ إِلَّا بِٱلۡحَقِّ وَأَجَلٖ مُّسَمّٗىۗ
وَإِنَّ كَثِيرٗا مِّنَ ٱلنَّاسِ بِلِقَآيِٕ رَبِّهِمۡ
لَكَٰفِرُونَ ﴿٨﴾

9. Не патуваат ли по земјата па да видат каква беше казната на оние пред нив? Беа појаки од нив: ја ораа земјата и градеа врз

أَوَلَمۡ يَسِيرُواْ فِي ٱلۡأَرۡضِ فَيَنظُرُواْ كَيۡفَ كَانَ عَٰقِبَةُ
ٱلَّذِينَ مِن قَبۡلِهِمۡۚ كَانُوٓاْ أَشَدَّ مِنۡهُمۡ قُوَّةٗ وَأَثَارُواْ
ٱلۡأَرۡضَ وَعَمَرُوهَآ أَكۡثَرَ مِمَّا عَمَرُوهَا وَجَآءَتۡهُمۡ

неа повеќе од она што го градеа. И им доаѓаа пејгамберите нивни со јаснотии. Аллах, секако, не им нанесе зулум, туку самите себеси зулум си направија!

رُسُلُهُم بِالْبَيِّنَاتِ فَمَا كَانَ اللَّهُ لِيَظْلِمَهُمْ
وَلَٰكِن كَانُوا أَنفُسَهُمْ يَظْلِمُونَ ٩

10. Потоа настапи казна за оние кои лошотии нанесуваа, кои ги сметаа за лажни ајетите Аллахови и кои ги исмеваа.

ثُمَّ كَانَ عَاقِبَةَ الَّذِينَ أَسَاءُوا السُّوأَىٰ أَن كَذَّبُوا
بِآيَاتِ اللَّهِ وَكَانُوا بِهَا يَسْتَهْزِئُونَ ١٠

11. Аллах го започнува создавањето а потоа го возобновува. А потоа кај Него се враќате!

اللَّهُ يَبْدَأُ الْخَلْقَ ثُمَّ يُعِيدُهُ
ثُمَّ إِلَيْهِ تُرْجَعُونَ ١١

12. И на Денот кога ќе настапи Часот силниците ќе изгубат надеж.

وَيَوْمَ تَقُومُ السَّاعَةُ يُبْلِسُ الْمُجْرِمُونَ ١٢

13. И не ќе имаат меѓу здружениците свои посредници. Неверници се, токму, заради здружениците нивни!

وَلَمْ يَكُن لَّهُم مِّن شُرَكَائِهِمْ شُفَعَاءُ
وَكَانُوا بِشُرَكَائِهِمْ كَافِرِينَ ١٣

14. И на Денот кога ќе настапи Часот...тогаш ќе се разделат едни од други.

وَيَوْمَ تَقُومُ السَّاعَةُ يَوْمَئِذٍ يَتَفَرَّقُونَ ١٤

15. А што се однесува до оние кои веруваа и кои работеа добри дела...па, тие во Бавча ќе се радуваат!

فَأَمَّا الَّذِينَ آمَنُوا وَعَمِلُوا الصَّالِحَاتِ
فَهُمْ فِي رَوْضَةٍ يُحْبَرُونَ ١٥

16. А што се однесува до оние кои не веруваат...ги сметаа за лажни ајетите Наши и средбата на Ахирет...па, тие во казната ќе се сместат.

وَأَمَّا الَّذِينَ كَفَرُوا وَكَذَّبُوا بِآيَاتِنَا وَلِقَاءِ الْآخِرَةِ
فَأُولَٰئِكَ فِي الْعَذَابِ مُحْضَرُونَ ١٦

17. Па, славен нека биде Аллах и при легнувањето ваше, ноќе и при станувањето ваше, дење.

فَسُبۡحَٰنَ ٱللَّهِ حِينَ تُمۡسُونَ وَحِينَ تُصۡبِحُونَ ١٧

18. Благодарноста Нему му припаѓа и на небесата и на Земјата, и прикевечерина и напладне.

وَلَهُ ٱلۡحَمۡدُ فِي ٱلسَّمَٰوَٰتِ وَٱلۡأَرۡضِ
وَعَشِيّٗا وَحِينَ تُظۡهِرُونَ ١٨

19. Од мртвото Он вади живо, а од живото Он вади мртво, и Он ја оживува земјата по мртвилото нејзино. И ете, вака ќе бидете изведени!

يُخۡرِجُ ٱلۡحَيَّ مِنَ ٱلۡمَيِّتِ وَيُخۡرِجُ ٱلۡمَيِّتَ مِنَ ٱلۡحَيِّ
وَيُحۡيِ ٱلۡأَرۡضَ بَعۡدَ مَوۡتِهَاۚ وَكَذَٰلِكَ تُخۡرَجُونَ ١٩

20. А меѓу знаменијата Негови е и тоа што Он ве создаде од земја, а потоа, ете, станавте луѓе растурени насекаде.

وَمِنۡ ءَايَٰتِهِۦٓ أَنۡ خَلَقَكُم مِّن تُرَابٖ
ثُمَّ إِذَآ أَنتُم بَشَرٞ تَنتَشِرُونَ ٢٠

21. А од знаменијата Негови е и тоа што од вас Он создаде жени за да најдете смирна во нив. И меѓу вас определи и љубов и милост. Ете, во тоа, навистина, има знаменија за луѓето кои размислуваат!

وَمِنۡ ءَايَٰتِهِۦٓ أَنۡ خَلَقَ لَكُم مِّنۡ أَنفُسِكُمۡ أَزۡوَٰجٗا
لِّتَسۡكُنُوٓاْ إِلَيۡهَا وَجَعَلَ بَيۡنَكُم مَّوَدَّةٗ وَرَحۡمَةًۚ
إِنَّ فِي ذَٰلِكَ لَأٓيَٰتٖ لِّقَوۡمٖ يَتَفَكَّرُونَ ٢١

22. А од знаменијата Негови е и создавањето на небесата и на Земјата, и различието на јазиците ваши и на боите ваши. Ете, во тоа, навистина, има знаменија за учените.

وَمِنۡ ءَايَٰتِهِۦ خَلۡقُ ٱلسَّمَٰوَٰتِ وَٱلۡأَرۡضِ وَٱخۡتِلَٰفُ
أَلۡسِنَتِكُمۡ وَأَلۡوَٰنِكُمۡۚ إِنَّ فِي ذَٰلِكَ
لَأٓيَٰتٖ لِّلۡعَٰلِمِينَ ٢٢

23. А од знаменијата Негови е и спиењето ноќе и дење, и стремежот ваш кон добрината

وَمِنۡ ءَايَٰتِهِۦ مَنَامُكُم بِٱلَّيۡلِ وَٱلنَّهَارِ وَٱبۡتِغَآؤُكُم
مِّن فَضۡلِهِۦٓۚ إِنَّ فِي ذَٰلِكَ لَأٓيَٰتٖ

لِّقَوْمٍ يَسْمَعُونَ ﴿٢٣﴾

Негова. Ете, во тоа, навистина, има знаменија за луѓето кои слушаат.

وَمِنْ ءَايَٰتِهِۦ يُرِيكُمُ ٱلْبَرْقَ خَوْفًا وَطَمَعًا
وَيُنَزِّلُ مِنَ ٱلسَّمَآءِ مَآءً فَيُحْىِۦ بِهِ ٱلْأَرْضَ
بَعْدَ مَوْتِهَآ ۚ إِنَّ فِى ذَٰلِكَ لَءَايَٰتٍ لِّقَوْمٍ
يَعْقِلُونَ ﴿٢٤﴾

24. А од знаменијата негови е и тоа што Он ви ја покажува молњата за да се уплашите и да се надевате, и Он од небесата ви спушта вода, па со неа ја оживува земјата по мртвилото нејзино. Во тоа, навистина, има знаменија за луѓето кои сфаќаат.

وَمِنْ ءَايَٰتِهِۦٓ أَن تَقُومَ ٱلسَّمَآءُ وَٱلْأَرْضُ بِأَمْرِهِۦ ۚ
ثُمَّ إِذَا دَعَاكُمْ دَعْوَةً مِّنَ ٱلْأَرْضِ إِذَآ أَنتُمْ تَخْرُجُونَ ﴿٢٥﴾

25. А од знаменијата Негови е и тоа што Он ги одржува и небесата и Земјата со наредбата Своја. А потоа штом ќе ве повика од земјата со еден повик, ете, ќе се појавите!

وَلَهُۥ مَن فِى ٱلسَّمَٰوَٰتِ وَٱلْأَرْضِ ۖ
كُلٌّ لَّهُۥ قَٰنِتُونَ ﴿٢٦﴾

26. И она на небесата и она на Земјата е - Негово; и сè Нему му е потчинето!

وَهُوَ ٱلَّذِى يَبْدَؤُا۟ ٱلْخَلْقَ ثُمَّ يُعِيدُهُۥ وَهُوَ أَهْوَنُ
عَلَيْهِ ۚ وَلَهُ ٱلْمَثَلُ ٱلْأَعْلَىٰ فِى ٱلسَّمَٰوَٰتِ وَٱلْأَرْضِ ۚ
وَهُوَ ٱلْعَزِيزُ ٱلْحَكِيمُ ﴿٢٧﴾

27. И Он е Оној кој го започнува создавањето а потоа го возобновува. Ова е најлесно за Него. Највисокиот пример и на небесата и на Земјата е - Неговиот. Он е Силен и Мудар!

ضَرَبَ لَكُم مَّثَلًا مِّنْ أَنفُسِكُمْ ۖ هَل لَّكُم
مِّن مَّا مَلَكَتْ أَيْمَٰنُكُم مِّن شُرَكَآءَ
فِى مَا رَزَقْنَٰكُمْ فَأَنتُمْ فِيهِ سَوَآءٌ تَخَافُونَهُمْ
كَخِيفَتِكُمْ أَنفُسَكُمْ ۚ كَذَٰلِكَ نُفَصِّلُ

28. Од вас самите, за вас, Он ви дава пример. Имате ли меѓу оние кои се во сопственост ваша здруженици, во 'рскот што Ние ви го дадовме? Па, еднакви ли

сте во тоа, и се плашите ли од нив како што се плашите едниодруги? И ете, така Ние потенко ви ги објаснуваме ајетите за луѓето кои сфаќаат.

ٱلْءَايَٰتِ لِقَوْمٍ يَعْقِلُونَ ٢٨

29. Но, не! Оние кои направија зулум ги следеа желбите свои без знаење. Па, кој ќе го упати оној кого Аллах во заблуда го скршнал? И оние немаат поддржници!

بَلِ ٱتَّبَعَ ٱلَّذِينَ ظَلَمُوٓا۟ أَهْوَآءَهُم بِغَيْرِ عِلْمٍ ۖ فَمَن يَهْدِى مَنْ أَضَلَّ ٱللَّهُ ۖ وَمَا لَهُم مِّن نَّٰصِرِينَ ٢٩

30. Па, исправи го лицето свое кон чистата вера, кон Аллаховата природа со која ја создаде природата на луѓето. И нема измена во создавањето Аллахово. Ете, таа вера е вистинската вера, но мнозинството на луѓето не знаат,

فَأَقِمْ وَجْهَكَ لِلدِّينِ حَنِيفًا ۚ فِطْرَتَ ٱللَّهِ ٱلَّتِى فَطَرَ ٱلنَّاسَ عَلَيْهَا ۚ لَا تَبْدِيلَ لِخَلْقِ ٱللَّهِ ۚ ذَٰلِكَ ٱلدِّينُ ٱلْقَيِّمُ وَلَٰكِنَّ أَكْثَرَ ٱلنَّاسِ لَا يَعْلَمُونَ ٣٠

31. приклонувајќи се кон Него. Плашете се од Него и намаз извршувајте, и немојте да бидете меѓу многубошците,

۞ مُنِيبِينَ إِلَيْهِ وَٱتَّقُوهُ وَأَقِيمُوا۟ ٱلصَّلَوٰةَ وَلَا تَكُونُوا۟ مِنَ ٱلْمُشْرِكِينَ ٣١

32. меѓу оние кои ја поделија верата своја и кои станаа деленици. И секоја странка е радосна со она што го поседува.

مِنَ ٱلَّذِينَ فَرَّقُوا۟ دِينَهُمْ وَكَانُوا۟ شِيَعًا ۖ كُلُّ حِزْبٍۭ بِمَا لَدَيْهِمْ فَرِحُونَ ٣٢

33. И кога на луѓето ќе им се случи штета некаква, го повикуваат Господарот свој, приклонувајќи Му се. А потоа кога ќе им даде да ја вкусат милоста

وَإِذَا مَسَّ ٱلنَّاسَ ضُرٌّ دَعَوْا۟ رَبَّهُم مُّنِيبِينَ إِلَيْهِ ثُمَّ إِذَآ أَذَاقَهُم مِّنْهُ رَحْمَةً إِذَا فَرِيقٌ مِّنْهُم بِرَبِّهِمْ يُشْرِكُونَ ٣٣

Негова... ете, една дружина међу нив... Му припишуваат здруженик на Господарот свој,

34. за да бидат незаблагодарни за она што Ние им го дадовме. Но, уживајте, па ќе узнаете!

لِيَكْفُرُوا بِمَا آتَيْنَاهُمْ فَتَمَتَّعُوا فَسَوْفَ
تَعْلَمُونَ ٣٤

35. Или: Им испративме ли доказ кој им зборуваше за она за што оние здруженик Му припишуваат?

أَمْ أَنزَلْنَا عَلَيْهِمْ سُلْطَانًا فَهُوَ يَتَكَلَّمُ
بِمَا كَانُوا بِهِ يُشْرِكُونَ ٣٥

36. И кога Ние ќе испратиме луѓето да ја вкусат милоста се радуваат на неа, а ако им се случи зло некакво, заради она што го направија рацете нивни, ете ги како очајуваат.

وَإِذَا أَذَقْنَا النَّاسَ رَحْمَةً فَرِحُوا بِهَا وَإِن تُصِبْهُمْ
سَيِّئَةٌ بِمَا قَدَّمَتْ أَيْدِيهِمْ إِذَا هُمْ يَقْنَطُونَ ٣٦

37. Не гледаат ли дека Аллах дава ‘рск кому сака и дека Он одредува со мера. Ете, во тоа, навистина, има знаменија за луѓето кои веруваат.

أَوَلَمْ يَرَوْا أَنَّ اللَّهَ يَبْسُطُ الرِّزْقَ لِمَن يَشَاءُ
وَيَقْدِرُ إِنَّ فِي ذَٰلِكَ لَآيَاتٍ لِّقَوْمٍ يُؤْمِنُونَ ٣٧

38. Па, дај му го правото негово и на ближниот, и на сиромавиот, и на патникот... Тоа е подобро за оние кои го посакуваат лицето Аллахово. Онаквите се, токму, спасени!

فَآتِ ذَا الْقُرْبَىٰ حَقَّهُ وَالْمِسْكِينَ وَابْنَ السَّبِيلِ
ذَٰلِكَ خَيْرٌ لِّلَّذِينَ يُرِيدُونَ وَجْهَ اللَّهِ وَأُولَٰئِكَ
هُمُ الْمُفْلِحُونَ ٣٨

39. Она што го давате заради лихва, за да се лихвари по имотот на луѓето... та, кај Аллах, не се зголемува. А она што го давате како зекат, поса-

وَمَا آتَيْتُم مِّن رِّبًا لِّيَرْبُوَ فِي أَمْوَالِ النَّاسِ فَلَا يَرْبُو
عِندَ اللَّهِ وَمَا آتَيْتُم مِّن زَكَاةٍ تُرِيدُونَ وَجْهَ اللَّهِ
فَأُولَٰئِكَ هُمُ الْمُضْعِفُونَ ٣٩

кувајќи го лицето Аллахово... та, тоа, ете, за нив ќе се удвои.

40. Аллах е Оној кој ве создава, а потоа ‘рск ви дава, а потоа, пак, ќе ве усмрти и, конечно, ќе ве оживи. Дали меѓу здружениците ваши, меѓу вас, има некој кој ќе направи такво нешто? Славен нека биде Он и Возвишен над она што Му го здружуваат!

ٱللَّهُ ٱلَّذِى خَلَقَكُمْ ثُمَّ رَزَقَكُمْ ثُمَّ يُمِيتُكُمْ
ثُمَّ يُحْيِيكُمْ هَلْ مِن شُرَكَآئِكُم مَّن يَفْعَلُ
مِن ذَٰلِكُم مِّن شَىْءٍ سُبْحَٰنَهُۥ وَتَعَٰلَىٰ
عَمَّا يُشْرِكُونَ ﴿٤٠﴾

41. Се појави безредие и на копно и на море, токму, заради она што го спечалија рацете на луѓето за да го вкусат некои од оние кои тоа го работеа, можеби да се поправат.

ظَهَرَ ٱلْفَسَادُ فِى ٱلْبَرِّ وَٱلْبَحْرِ بِمَا كَسَبَتْ
أَيْدِى ٱلنَّاسِ لِيُذِيقَهُم بَعْضَ ٱلَّذِى عَمِلُوا۟
لَعَلَّهُمْ يَرْجِعُونَ ﴿٤١﴾

42. Кажи:“Патувајте по земјата и гледајте каква беше казната за оние од порано. Мнозинството од нив беа, секако, многубошци!”

قُلْ سِيرُوا۟ فِى ٱلْأَرْضِ فَٱنظُرُوا۟ كَيْفَ كَانَ عَٰقِبَةُ
ٱلَّذِينَ مِن قَبْلُ كَانَ أَكْثَرُهُم مُّشْرِكِينَ ﴿٤٢﴾

43. Па, сврти го лицето твое кон верата вистинска пред да настапи Денот, кој не ќе може никој од Аллах да го отфрли. На Денот тој ќе се разединат:

فَأَقِمْ وَجْهَكَ لِلدِّينِ ٱلْقَيِّمِ مِن قَبْلِ أَن يَأْتِىَ
يَوْمٌ لَّا مَرَدَّ لَهُۥ مِنَ ٱللَّهِ يَوْمَئِذٍ يَصَّدَّعُونَ ﴿٤٣﴾

44. оној кој не верувал...па, неверството негово ќе биде против него, а оној кој работел добро...па, тоа, таквите, за себеси си го подготвија,

مَن كَفَرَ فَعَلَيْهِ كُفْرُهُۥ وَمَنْ عَمِلَ صَٰلِحًا
فَلِأَنفُسِهِمْ يَمْهَدُونَ ﴿٤٤﴾

45. за да ги награди Он оние кои веруваа и кои работеа добри дела заради задоволството Негово. Он, навистина, не ги љуби неверниците!

لِيَجْزِيَ ٱلَّذِينَ ءَامَنُوا۟ وَعَمِلُوا۟ ٱلصَّـٰلِحَـٰتِ
مِن فَضْلِهِۦٓ ۚ إِنَّهُۥ لَا يُحِبُّ ٱلْكَـٰفِرِينَ ﴿٤٥﴾

46. А од знаменијата Негови е и тоа што Он го испраќа ветрот како радосница за да искусите нешто од милоста Негова, и за да плови бродот со наредбата Негова, за да тежнеете кон добрината Негова и за да се заблагодарувате.

وَمِنْ ءَايَـٰتِهِۦٓ أَن يُرْسِلَ ٱلرِّيَاحَ مُبَشِّرَٰتٍ وَلِيُذِيقَكُم
مِّن رَّحْمَتِهِۦ وَلِتَجْرِىَ ٱلْفُلْكُ بِأَمْرِهِۦ
وَلِتَبْتَغُوا۟ مِن فَضْلِهِۦ وَلَعَلَّكُمْ تَشْكُرُونَ ﴿٤٦﴾

47. И пред тебе, секако, Ние испраќавме пејгамбери до народите нивни. Па, им доаѓаа со јаснотии. Потоа Ние ги казнивме оние кои се силеа во зло, а верниците, пак, ни беше обврска да ги потпомогнеме.

وَلَقَدْ أَرْسَلْنَا مِن قَبْلِكَ رُسُلًا إِلَىٰ قَوْمِهِمْ فَجَآءُوهُم
بِٱلْبَيِّنَـٰتِ فَٱنتَقَمْنَا مِنَ ٱلَّذِينَ أَجْرَمُوا۟ ۖ وَكَانَ حَقًّا
عَلَيْنَا نَصْرُ ٱلْمُؤْمِنِينَ ﴿٤٧﴾

48. Аллах е Оној кој ги испраќа ветровите кои, ете, ги гонат облаците по небото па, со посак Негов, ги растегнуваат и на парчиња ги дробат. Па, така гледаш како дождот излегува од нив кој, кога ќе падне кому Он сака од робовите Негови, тие му се радуваат,

ٱللَّهُ ٱلَّذِى يُرْسِلُ ٱلرِّيَـٰحَ فَتُثِيرُ سَحَابًا فَيَبْسُطُهُۥ
فِى ٱلسَّمَآءِ كَيْفَ يَشَآءُ وَيَجْعَلُهُۥ كِسَفًا فَتَرَى
ٱلْوَدْقَ يَخْرُجُ مِنْ خِلَـٰلِهِۦ ۖ فَإِذَآ أَصَابَ بِهِۦ مَن يَشَآءُ
مِنْ عِبَادِهِۦٓ إِذَا هُمْ يَسْتَبْشِرُونَ ﴿٤٨﴾

49. и покрај тоа што, навистина, беа очајни пред да падне врз нив.

وَإِن كَانُوا۟ مِن قَبْلِ أَن يُنَزَّلَ عَلَيْهِم مِّن قَبْلِهِۦ
لَمُبْلِسِينَ ﴿٤٩﴾

50. Погледни ги, тогаш, трагите на милоста Аллахова: како ја оживува земјата по мртвилото

فَٱنظُرْ إِلَىٰٓ ءَاثَـٰرِ رَحْمَتِ ٱللَّهِ كَيْفَ يُحْىِ ٱلْأَرْضَ
بَعْدَ مَوْتِهَآ ۚ إِنَّ ذَٰلِكَ لَمُحْىِ ٱلْمَوْتَىٰ

нејзино. Он, навистина, ќе ги оживи мртвите. Он е Кадар за сѐ!

وَهُوَ عَلَىٰ كُلِّ شَيْءٍ قَدِيرٌ ٥٠

51. А кога Ние би им испратиле ветар кој сѐ ќе пожолти и потоа тие, секако, зулум ќе прават и нема да веруваат.

وَلَئِنْ أَرْسَلْنَا رِيحًا فَرَأَوْهُ مُصْفَرًّا لَّظَلُّوا مِن بَعْدِهِۦ
يَكْفُرُونَ ٥١

52. Ти, навистина, не можеш да ги натераш да те слушнат мртвите, ниту, пак, можеш да го натераш глувиот да го слушне повикот кога е свртен од тебе,

فَإِنَّكَ لَا تُسْمِعُ الْمَوْتَىٰ وَلَا تُسْمِعُ الصُّمَّ الدُّعَاءَ
إِذَا وَلَّوْا مُدْبِرِينَ ٥٢

53. а ниту, пак, можеш да ги упатиш слепите од нивното скршнување во заблуда; можеш да ги слушнеш само оние кои веруваат во знаменијата Наши - овие се Послушните!

وَمَا أَنتَ بِهَٰدِ الْعُمْيِ عَن ضَلَٰلَتِهِمْ إِن تُسْمِعُ
إِلَّا مَن يُؤْمِنُ بِـَٔايَٰتِنَا فَهُم مُّسْلِمُونَ ٥٣

54. Аллах е Оној кој ве создаде слаби, а по слабоста моќ ви дава, а по моќта, пак, слабост ви дава и, секако, старост. И Он го создава она што го сака. Он е Зналец и Кадар!

۞ اللَّهُ الَّذِي خَلَقَكُم مِّن ضَعْفٍ ثُمَّ جَعَلَ مِن بَعْدِ
ضَعْفٍ قُوَّةً ثُمَّ جَعَلَ مِن بَعْدِ قُوَّةٍ ضَعْفًا وَشَيْبَةً
يَخْلُقُ مَا يَشَاءُ وَهُوَ الْعَلِيمُ الْقَدِيرُ ٥٤

55. А на Денот кога ќе се случи Часот, силниците ќе се колнат дека само еден час останале. Ете, така оние и порано кинисуваа.

وَيَوْمَ تَقُومُ السَّاعَةُ يُقْسِمُ الْمُجْرِمُونَ مَا لَبِثُوا
غَيْرَ سَاعَةٍ كَذَٰلِكَ كَانُوا يُؤْفَكُونَ ٥٥

56. А оние со даденото им знаење и иман ќе речат: “Вие останавте, секако, како што е

وَقَالَ الَّذِينَ أُوتُوا الْعِلْمَ وَالْإِيمَٰنَ لَقَدْ لَبِثْتُمْ فِي كِتَٰبِ
اللَّهِ إِلَىٰ يَوْمِ الْبَعْثِ فَهَٰذَا يَوْمُ الْبَعْثِ

тоа означено во Книгата Аллахова, до Денот на оживувањето. А ова е Денот на оживувањето, но вие, ете, тоа не го знаевте.”

وَلَٰكِنَّكُمْ كُنتُمْ لَا تَعْلَمُونَ ٥٦

57. Па, на Денот тој оправдувањата на оние кои зулум направија не ќе им користат и од нив не ќе се бара ни да се оправдуваат.

فَيَوْمَئِذٍ لَّا يَنفَعُ ٱلَّذِينَ ظَلَمُوا۟ مَعْذِرَتُهُمْ وَلَا هُمْ يُسْتَعْتَبُونَ ٥٧

58. Во овој Кур’ан Ние, веќе, им изнесовме пример од сè по нешто. И кога би им дошол со знамение некакво оние кои не веруваат сигурно ќе речат: “Вие само невистини изнесувате!”

وَلَقَدْ ضَرَبْنَا لِلنَّاسِ فِى هَٰذَا ٱلْقُرْءَانِ مِن كُلِّ مَثَلٍ وَلَئِن جِئْتَهُم بِـَٔايَةٍ لَّيَقُولَنَّ ٱلَّذِينَ كَفَرُوٓا۟ إِنْ أَنتُمْ إِلَّا مُبْطِلُونَ ٥٨


59. Ете, така Аллах ги запечатува срцата на оние кои не знаат.

كَذَٰلِكَ يَطْبَعُ ٱللَّهُ عَلَىٰ قُلُوبِ ٱلَّذِينَ لَا يَعْلَمُونَ ٥٩

60. Па, стрпи се! Ветувањето Аллахово, навистина, е вистина. И никако нека не те вознемируваат оние кои не се уверени!

فَٱصْبِرْ إِنَّ وَعْدَ ٱللَّهِ حَقٌّ وَلَا يَسْتَخِفَّنَّكَ ٱلَّذِينَ لَا يُوقِنُونَ ٦٠

ЛУКМАН (Лукман) XXXI



Во името на Аллах, Милостивиот Сомилосен!

بِسْمِ ٱللَّهِ ٱلرَّحْمَٰنِ ٱلرَّحِيمِ

1. Елиф, лам, мим!

الٓمٓ ١

2. Еве ајети од Книгата мудра:

تِلْكَ ءَايَٰتُ ٱلْكِتَٰبِ ٱلْحَكِيمِ ٢

3. Патоказ и Милост за доброчинителите -

هُدًى وَرَحْمَةً لِّلْمُحْسِنِينَ ٣

4. кои намаз клањаат и кои зекат даваат, и кои се уверени во Ахирет;

ٱلَّذِينَ يُقِيمُونَ ٱلصَّلَوٰةَ وَيُؤْتُونَ ٱلزَّكَوٰةَ وَهُم بِٱلْـَٔاخِرَةِ هُمْ يُوقِنُونَ ﴿٤﴾

5. онаквите се по Патот на Господарот свој и оние се, токму, спасените!

أُوْلَٰٓئِكَ عَلَىٰ هُدًى مِّن رَّبِّهِمْ ۖ وَأُوْلَٰٓئِكَ هُمُ ٱلْمُفْلِحُونَ ﴿٥﴾

6. Меѓу луѓето има и такви кои купуваат празен говор за забава за да се скршнуваат во заблуда, незнаејќи, од Аллаховиот пат, и кои го прифаќаат за да се исмеваат. За нив има казна срамна.

وَمِنَ ٱلنَّاسِ مَن يَشْتَرِى لَهْوَ ٱلْحَدِيثِ لِيُضِلَّ عَن سَبِيلِ ٱللَّهِ بِغَيْرِ عِلْمٍ وَيَتَّخِذَهَا هُزُوًا ۚ أُوْلَٰٓئِكَ لَهُمْ عَذَابٌ مُّهِينٌ ﴿٦﴾

7. И кога му се кажуваат ајетите Наши ја врти главата надуено, како да не ги слуша, како во ушите негови да има тежина. Па, зарадувај го со казната болна!

وَإِذَا تُتْلَىٰ عَلَيْهِ ءَايَٰتُنَا وَلَّىٰ مُسْتَكْبِرًا كَأَن لَّمْ يَسْمَعْهَا كَأَنَّ فِىٓ أُذُنَيْهِ وَقْرًا ۖ فَبَشِّرْهُ بِعَذَابٍ أَلِيمٍ ﴿٧﴾

8. За оние кои веруваат и кои добри дела работат има, навистина, благословени бавчи џеннетски,

إِنَّ ٱلَّذِينَ ءَامَنُوا۟ وَعَمِلُوا۟ ٱلصَّٰلِحَٰتِ لَهُمْ جَنَّٰتُ ٱلنَّعِيمِ ﴿٨﴾

9. во нив за навек ќе останат. Ветувањето Аллахово е - вистина. Он е и Силен и Мудар!

خَٰلِدِينَ فِيهَا ۖ وَعْدَ ٱللَّهِ حَقًّا ۚ وَهُوَ ٱلْعَزِيزُ ٱلْحَكِيمُ ﴿٩﴾

10. Гледате како Он ги создаде небесата без столбови, а по земјата брдата ги расфрла за да не се тресете, и по неа, исто така, растури животни секакви... И од небесата Ние вода ви спуштаме и од земјата овозможивме

خَلَقَ ٱلسَّمَٰوَٰتِ بِغَيْرِ عَمَدٍ تَرَوْنَهَا ۖ وَأَلْقَىٰ فِى ٱلْأَرْضِ رَوَٰسِىَ أَن تَمِيدَ بِكُمْ وَبَثَّ فِيهَا مِن كُلِّ دَآبَّةٍ ۚ وَأَنزَلْنَا مِنَ ٱلسَّمَآءِ مَآءً فَأَنۢبَتْنَا فِيهَا مِن كُلِّ زَوْجٍ كَرِيمٍ ﴿١٠﴾

да никнат од сѐ парови благородни.

11. Ова е создавањето Аллахово. Па, тогаш, покажете ми го она што го создадоа оние, освен Него. Но, зулумќарите сигурно се скршнати во заблуда јасна.

هَٰذَا خَلْقُ ٱللَّهِ فَأَرُونِي مَاذَا خَلَقَ ٱلَّذِينَ
مِن دُونِهِۦ ۚ بَلِ ٱلظَّٰلِمُونَ فِي ضَلَٰلٍ مُّبِينٍ ﴿١١﴾

12. И на Лукман, секако, Ние му дадовме мудрост: "Биди благодарен на Аллах!" А оној кој е благодарен та, за себеси е благодарен, а оној кој не верува, та, Аллах, навистина, е Богат и за благодарност Достоен!

وَلَقَدْ ءَاتَيْنَا لُقْمَٰنَ ٱلْحِكْمَةَ أَنِ ٱشْكُرْ لِلَّهِ ۚ
وَمَن يَشْكُرْ فَإِنَّمَا يَشْكُرُ لِنَفْسِهِۦ ۖ
وَمَن كَفَرَ فَإِنَّ ٱللَّهَ غَنِيٌّ حَمِيدٌ ﴿١٢﴾

13. И кога Лукман му рече на син му, советувајќи го: "О синко, не здружувај Му на Аллах здруженик. Здружувањето здру женик, навистина, е зулум голем!"

وَإِذْ قَالَ لُقْمَٰنُ لِٱبْنِهِۦ وَهُوَ يَعِظُهُۥ يَٰبُنَيَّ لَا تُشْرِكْ
بِٱللَّهِ ۖ إِنَّ ٱلشِّرْكَ لَظُلْمٌ عَظِيمٌ ﴿١٣﴾

14. И на човекот Ние му одредивме да се однесува добро кон родителите свои. Мајката го носеше, слабејќи од ден во ден, и го доеше две години: "Биди благодарен, и Мене и на родителите твои. Свратилиштето е - кон Мене!

وَوَصَّيْنَا ٱلْإِنسَٰنَ بِوَٰلِدَيْهِ حَمَلَتْهُ أُمُّهُۥ
وَهْنًا عَلَىٰ وَهْنٍ وَفِصَٰلُهُۥ فِي عَامَيْنِ
أَنِ ٱشْكُرْ لِي وَلِوَٰلِدَيْكَ إِلَيَّ ٱلْمَصِيرُ ﴿١٤﴾

15. А ако родителите се трудат да те наговорат да Ми припишуваш здруженик за што, всушност, не знаеш ништо, немој да им бидеш послушен, но

وَإِن جَٰهَدَاكَ عَلَىٰٓ أَن تُشْرِكَ بِي مَا لَيْسَ لَكَ بِهِۦ عِلْمٌ
فَلَا تُطِعْهُمَا ۖ وَصَاحِبْهُمَا فِي ٱلدُّنْيَا مَعْرُوفًا ۖ
وَٱتَّبِعْ سَبِيلَ مَنْ أَنَابَ إِلَيَّ ۚ ثُمَّ إِلَيَّ مَرْجِعُكُمْ

примерно однесувај се кон нив на овој свет. И следи го патот на оној кој Мене ми е послушен. Потоа враќањето ваше до Мене води, па ќе ве известам за она што го работевте.”

فَأُنَبِّئُكُم بِمَا كُنتُمْ تَعْمَلُونَ ﴿١٥﴾

16. “О синко мој, било да е направено нешто колку голушка, па и да е во пустина, на небесата или на Земјата, Аллах ќе го покаже. Аллах, навистина, е Чувствителен и Известен!

يَا بُنَيَّ إِنَّهَا إِن تَكُ مِثْقَالَ حَبَّةٍ مِّنْ خَرْدَلٍ فَتَكُن
فِي صَخْرَةٍ أَوْ فِي السَّمَاوَاتِ أَوْ فِي الْأَرْضِ يَأْتِ
بِهَا اللَّهُ ۚ إِنَّ اللَّهَ لَطِيفٌ خَبِيرٌ ﴿١٦﴾

17. О синко мој, клањај намаз, наредувај добро и забранувај зло. И биди трпелив во она што ќе ти се случи. Ете, тоа, навистина, е меѓу решителните работи.

يَا بُنَيَّ أَقِمِ الصَّلَاةَ وَأْمُرْ بِالْمَعْرُوفِ وَانْهَ
عَنِ الْمُنكَرِ وَاصْبِرْ عَلَىٰ مَا أَصَابَكَ ۖ إِنَّ ذَٰلِكَ
مِنْ عَزْمِ الْأُمُورِ ﴿١٧﴾

18. И не врти го лицето од луѓето, и не оди по земјата горделиво: Аллах, навистина, не го љуби ни горделивиот ни надуениот.

وَلَا تُصَعِّرْ خَدَّكَ لِلنَّاسِ وَلَا تَمْشِ فِي الْأَرْضِ
مَرَحًا ۖ إِنَّ اللَّهَ لَا يُحِبُّ كُلَّ مُخْتَالٍ فَخُورٍ ﴿١٨﴾

19. И биди умерен во одот твој а намали го и гласот твој. Од гласовите најлошиот, навистина, е гласот магарешки!

وَاقْصِدْ فِي مَشْيِكَ وَاغْضُضْ مِن صَوْتِكَ ۚ
إِنَّ أَنكَرَ الْأَصْوَاتِ لَصَوْتُ الْحَمِيرِ ﴿١٩﴾

20. Не гледаш ли дека Аллах, навистина, ви го потчини и она што е на небесата и она што е на Земјата? И Он ве опсипа со благодатите Свои: и видливи и невидливи. А меѓу луѓето има и

أَلَمْ تَرَوْا أَنَّ اللَّهَ سَخَّرَ لَكُم مَّا فِي السَّمَاوَاتِ وَمَا فِي الْأَرْضِ
وَأَسْبَغَ عَلَيْكُمْ نِعَمَهُ ظَاهِرَةً وَبَاطِنَةً ۗ وَمِنَ النَّاسِ
مَن يُجَادِلُ فِي اللَّهِ بِغَيْرِ عِلْمٍ وَلَا هُدًى
وَلَا كِتَابٍ مُّنِيرٍ ﴿٢٠﴾

такви кои расправаат за Аллах и без знаење и без Патоказ и без Книга светла.

21. И кога им беше речено: “Следете го она што Аллах го објави!” Рекоа: “Не, ќе го следиме она што го најдовме кај предците наши.” И тогаш ли кога Шејтанот ги повикува кон казната џехеннемска?

وَإِذَا قِيلَ لَهُمُ ٱتَّبِعُوا۟ مَآ أَنزَلَ ٱللَّهُ قَالُوا۟ بَلْ نَتَّبِعُ
مَا وَجَدْنَا عَلَيْهِ ءَابَآءَنَآ ۚ أَوَلَوْ كَانَ
ٱلشَّيْطَـٰنُ يَدْعُوهُمْ إِلَىٰ عَذَابِ ٱلسَّعِيرِ ٢١

22. А оној кој ќе го предаде лицето свое на Аллах а добочинител е... тој веќе се фатил за најцврстото јаже. Аллахова е конечницата на работите!

۞ وَمَن يُسْلِمْ وَجْهَهُۥٓ إِلَى ٱللَّهِ وَهُوَ مُحْسِنٌ
فَقَدِ ٱسْتَمْسَكَ بِٱلْعُرْوَةِ ٱلْوُثْقَىٰ
وَإِلَى ٱللَّهِ عَـٰقِبَةُ ٱلْأُمُورِ ٢٢

23. А оној кој не верува... па, нека не те загрижува неверувањето негово. И кон Нас е враќањето нивно и Ние, секако, ќе ги известиме за она што го работеа. Аллах, навистина, го знае она што е во градите.

وَمَن كَفَرَ فَلَا يَحْزُنكَ كُفْرُهُۥٓ ۚ إِلَيْنَا مَرْجِعُهُمْ
فَنُنَبِّئُهُم بِمَا عَمِلُوٓا۟ ۚ إِنَّ ٱللَّهَ عَلِيمٌۢ بِذَاتِ ٱلصُّدُورِ ٢٣

24. Ние ќе им дадеме да уживаат едно кратко време, а потоа ќе ги турнеме во тешка казна.

نُمَتِّعُهُمْ قَلِيلًا ثُمَّ نَضْطَرُّهُمْ
إِلَىٰ عَذَابٍ غَلِيظٍ ٢٤

25. А ако, пак, ги прашаш: “Кој ги создаде небесата и Земјата?” Сигурно ќе речат: “Аллах!” Но, ете мнозинството од нив не знаат!

وَلَئِن سَأَلْتَهُم مَّنْ خَلَقَ ٱلسَّمَـٰوَٰتِ وَٱلْأَرْضَ لَيَقُولُنَّ
ٱللَّهُ ۚ قُلِ ٱلْحَمْدُ لِلَّهِ ۚ بَلْ أَكْثَرُهُمْ لَا يَعْلَمُونَ ٢٥

26. Она што е на небесата и на Земјата е - Аллахово. Аллах, навистина, е Богат и за благодарност Достоен!

لِلَّهِ مَا فِي ٱلسَّمَٰوَٰتِ وَٱلۡأَرۡضِۚ إِنَّ ٱللَّهَ
هُوَ ٱلۡغَنِيُّ ٱلۡحَمِيدُ ٢٦

27. А кога сите стебла на земјата би биле перциња а морето мастило, на кое ќе му се придружат уште седум морињa, не би се исушиле зборовите Аллахови. Аллах, навистина, е Силен и Мудар!

وَلَوۡ أَنَّمَا فِي ٱلۡأَرۡضِ مِن شَجَرَةٍ أَقۡلَٰمٞ
وَٱلۡبَحۡرُ يَمُدُّهُۥ مِنۢ بَعۡدِهِۦ سَبۡعَةُ أَبۡحُرٖ
مَّا نَفِدَتۡ كَلِمَٰتُ ٱللَّهِۚ إِنَّ ٱللَّهَ عَزِيزٌ حَكِيمٞ ٢٧

28. Создавањето ваше и оживувањето ваше е само како создавањето еден човек. Аллах, навистина, е Слушач и Гледач!

مَّا خَلۡقُكُمۡ وَلَا بَعۡثُكُمۡ إِلَّا كَنَفۡسٖ وَٰحِدَةٍۚ
إِنَّ ٱللَّهَ سَمِيعُۢ بَصِيرٌ ٢٨

29. Не гледаш ли дека Аллах, секако, го вовлекува денот во ноќта, а ја вовлекува ноќта во денот и ги потчини и Сонцето и Месечината? И сѐ тече до рок определен. А Аллах е Известен за она што го работите!

أَلَمۡ تَرَ أَنَّ ٱللَّهَ يُولِجُ ٱلَّيۡلَ فِي ٱلنَّهَارِ وَيُولِجُ ٱلنَّهَارَ
فِي ٱلَّيۡلِ وَسَخَّرَ ٱلشَّمۡسَ وَٱلۡقَمَرَۖ كُلّٞ يَجۡرِيٓ
إِلَىٰٓ أَجَلٖ مُّسَمّٗى وَأَنَّ ٱللَّهَ بِمَا تَعۡمَلُونَ خَبِيرٞ ٢٩

30. Ете, тоа, токму, заради она што Аллах е вистина. Аллах, навистина, е Вишен и Голем!

ذَٰلِكَ بِأَنَّ ٱللَّهَ هُوَ ٱلۡحَقُّ وَأَنَّ مَا يَدۡعُونَ مِن دُونِهِ
ٱلۡبَٰطِلُ وَأَنَّ ٱللَّهَ هُوَ ٱلۡعَلِيُّ ٱلۡكَبِيرُ ٣٠

31. Не гледаш ли дека чамецот плови по морето, секако, со благослов на Аллах за да ви покаже од знаменијата Свои? Во тоа, ете, има, навистина, знаменија за секој трпелив и благодарен.

أَلَمۡ تَرَ أَنَّ ٱلۡفُلۡكَ تَجۡرِي فِي ٱلۡبَحۡرِ بِنِعۡمَتِ ٱللَّهِ
لِيُرِيَكُم مِّنۡ ءَايَٰتِهِۦٓۚ إِنَّ فِي ذَٰلِكَ لَأٓيَٰتٖ
لِّكُلِّ صَبَّارٖ شَكُورٖ ٣١

32. И кога бранот, голем како облак, ќе ги покрие, го молат

وَإِذَا غَشِيَهُم مَّوۡجٞ كَٱلظُّلَلِ دَعَوُاْ ٱللَّهَ مُخۡلِصِينَ

Аллаха, искрено, искажувајќи ја верата кон Него. И бидејќи ќе ги спаси, доведувајќи ги до копното, само некои од нив покажуваат умереност. Знаменијата Наши не ги признава само силникот и неверникот!

لَهُ ٱلدِّينَ فَلَمَّا نَجَّىٰهُمْ إِلَى ٱلْبَرِّ فَمِنْهُم مُّقْتَصِدٌ
وَمَا يَجْحَدُ بِـَٔايَٰتِنَآ إِلَّا كُلُّ خَتَّارٍ كَفُورٍ ﴿٣٢﴾

33. О луѓе, плашете се од Господарот ваш и плашете се од Денот во кој ни родителот на своето дете не ќе му помогне, а ниту, пак, детето во нешто ќе му помогне на својот родител. Ветувањето Аллахово, навистина, е вистина. Животот на овој свет, тогаш, никако нека не ве понесе и Шејтанот, исто така, нека не ве оддалечи од Аллах!

يَٰٓأَيُّهَا ٱلنَّاسُ ٱتَّقُوا۟ رَبَّكُمْ وَٱخْشَوْا۟ يَوْمًا لَّا يَجْزِى
وَالِدٌ عَن وَلَدِهِۦ وَلَا مَوْلُودٌ هُوَ جَازٍ عَن وَالِدِهِۦ شَيْـًٔا
إِنَّ وَعْدَ ٱللَّهِ حَقٌّ فَلَا تَغُرَّنَّكُمُ ٱلْحَيَوٰةُ
ٱلدُّنْيَا وَلَا يَغُرَّنَّكُم بِٱللَّهِ ٱلْغَرُورُ ﴿٣٣﴾

34. Знаењто за Часот, секако, е само кај Аллах. И Он спушта дожд и Он го знае она што е во утробите. Човекот не знае утре што ќе заработи; човекот не знае и во која земја ќе умре. Аллах, навистина, е Зналец и Известен!

إِنَّ ٱللَّهَ عِندَهُۥ عِلْمُ ٱلسَّاعَةِ وَيُنَزِّلُ ٱلْغَيْثَ
وَيَعْلَمُ مَا فِى ٱلْأَرْحَامِ ۖ وَمَا تَدْرِى نَفْسٌ
مَّاذَا تَكْسِبُ غَدًا ۖ وَمَا تَدْرِى نَفْسٌۢ بِأَىِّ أَرْضٍ
تَمُوتُ ۚ إِنَّ ٱللَّهَ عَلِيمٌ خَبِيرٌۢ ﴿٣٤﴾

ЕС-СЕЏДЕ (Сеџде) XXXII



Во името на Аллах, Милостивиот Сомилосен!

بِسْمِ ٱللَّهِ ٱلرَّحْمَٰنِ ٱلرَّحِيمِ

1. Елиф, лам, мим!

الٓمٓ ﴿١﴾

2. Објавувањето на Книгата, во која нема сомнение, е од Господарот на световите.

تَنزِيلُ ٱلْكِتَٰبِ لَا رَيْبَ فِيهِ
مِن رَّبِّ ٱلْعَٰلَمِينَ ﴿٢﴾

3. Или зборуваат: “Тој го измислува.” Но, не! Тоа е вистина од Господарот твој за да го опомениш народот кому не му е дадена опомена, пред тебе, за да се упатат.

أَمْ يَقُولُونَ ٱفْتَرَىٰهُ ۚ بَلْ هُوَ ٱلْحَقُّ مِن رَّبِّكَ
لِتُنذِرَ قَوْمًا مَّآ أَتَىٰهُم مِّن نَّذِيرٍ مِّن قَبْلِكَ
لَعَلَّهُمْ يَهْتَدُونَ ﴿٣﴾

4. Аллах е Оној кој ги создаде и Земјата и небесата и она што е меѓу нив за шест дена, а потоа се утврди на Аршот. Вие, освен Него, немате ни поддржник ни посредник. Па, нема ли да се присетите?

ٱللَّهُ ٱلَّذِى خَلَقَ ٱلسَّمَٰوَٰتِ وَٱلْأَرْضَ وَمَا بَيْنَهُمَا
فِى سِتَّةِ أَيَّامٍ ثُمَّ ٱسْتَوَىٰ عَلَى ٱلْعَرْشِ ۖ مَا لَكُم
مِّن دُونِهِۦ مِن وَلِىٍّ وَلَا شَفِيعٍ ۚ أَفَلَا تَتَذَكَّرُونَ ﴿٤﴾

5. И Он управува со сè она што е меѓу небесата и Земјата, а потоа, во Денот определен, кон Него ќе се извиши: на Денот кој трае илјада години, според она како што вие броите!

يُدَبِّرُ ٱلْأَمْرَ مِنَ ٱلسَّمَآءِ إِلَى ٱلْأَرْضِ ثُمَّ يَعْرُجُ إِلَيْهِ
فِى يَوْمٍ كَانَ مِقْدَارُهُۥٓ أَلْفَ سَنَةٍ مِّمَّا تَعُدُّونَ ﴿٥﴾

6. Ете, Он е Зналец на јавното и тајното, Силен и Сомилосен!

ذَٰلِكَ عَٰلِمُ ٱلْغَيْبِ وَٱلشَّهَٰدَةِ ٱلْعَزِيزُ ٱلرَّحِيمُ ﴿٦﴾

7. Кој ја создаде секоја ствар во најдобар облик, и Кој, создавањето на човекот, го започна од глина.

ٱلَّذِىٓ أَحْسَنَ كُلَّ شَىْءٍ خَلَقَهُۥ ۖ وَبَدَأَ خَلْقَ
ٱلْإِنسَٰنِ مِن طِينٍ ﴿٧﴾

8. А потоа, породот негов, го создава од избрана капка вода.

ثُمَّ جَعَلَ نَسْلَهُۥ مِن سُلَٰلَةٍ مِّن مَّآءٍ مَّهِينٍ ﴿٨﴾

9. А потоа Он го обликува и му вдахнува од духот Свој, и ви

ثُمَّ سَوَّىٰهُ وَنَفَخَ فِيهِ مِن رُّوحِهِۦ ۖ وَجَعَلَ لَكُمُ

дава и слух, и вид и срца. Малкумина заблагодарувате.

ٱلسَّمْعَ وَٱلْأَبْصَٰرَ وَٱلْأَفْـِٔدَةَ ۚ قَلِيلًا
مَّا تَشْكُرُونَ ﴿٩﴾

10. И зборуваат: “Кога ќе исчезнеме на земјата па повторно ли ќе бидеме создадени?” Но, оние во средбата со Господарот нивни не веруваат.

وَقَالُوٓا۟ أَءِذَا ضَلَلْنَا فِى ٱلْأَرْضِ أَءِنَّا لَفِى خَلْقٍ جَدِيدٍۭ ۚ
بَلْ هُم بِلِقَآءِ رَبِّهِمْ كَٰفِرُونَ ﴿١٠﴾

11. Кажи: “Мелекот на смртта, кој ви е за тоа одреден, ќе ве усмрти, а потоа кон Господарот ваш ќе се вратите.”

۞ قُلْ يَتَوَفَّىٰكُم مَّلَكُ ٱلْمَوْتِ ٱلَّذِى وُكِّلَ بِكُمْ
ثُمَّ إِلَىٰ رَبِّكُمْ تُرْجَعُونَ ﴿١١﴾

12. Е, кога би ги видел силниците наведнати со главите нивни пред Господарот свој: “Господаре наш, и видовме и слушнавме, врати нè повторно назад; ќе работиме добро. Ние сме, секако, уверени!”

وَلَوْ تَرَىٰٓ إِذِ ٱلْمُجْرِمُونَ نَاكِسُوا۟ رُءُوسِهِمْ
عِندَ رَبِّهِمْ رَبَّنَآ أَبْصَرْنَا وَسَمِعْنَا فَٱرْجِعْنَا
نَعْمَلْ صَٰلِحًا إِنَّا مُوقِنُونَ ﴿١٢﴾

13. Е, кога би сакале на секоја душа би ѝ го дале упатството нејзино, но зборот вистински е - Мој. Џехеннемот, секако, ќе го исполнам и со џинови и со луѓе, заедно!

وَلَوْ شِئْنَا لَءَاتَيْنَا كُلَّ نَفْسٍ هُدَىٰهَا
وَلَٰكِنْ حَقَّ ٱلْقَوْلُ مِنِّى لَأَمْلَأَنَّ جَهَنَّمَ
مِنَ ٱلْجِنَّةِ وَٱلنَّاسِ أَجْمَعِينَ ﴿١٣﴾

14. Па, вкусете го Џехеннемот, зашто заборавивте на средбата на овој Ден ваш. И Ние заборавивме на вас, и вкусете ја казната на вечноста за она што, токму, го работевте!

فَذُوقُوا۟ بِمَا نَسِيتُمْ لِقَآءَ يَوْمِكُمْ هَٰذَآ
إِنَّا نَسِينَٰكُمْ ۖ وَذُوقُوا۟ عَذَابَ
ٱلْخُلْدِ بِمَا كُنتُمْ تَعْمَلُونَ ﴿١٤﴾

15. Во ајетите Наши, навистина, веруваат оние кои, кога ќе се споменат, паѓаат на сеџде, и

إِنَّمَا يُؤْمِنُ بِـَٔايَٰتِنَا ٱلَّذِينَ إِذَا ذُكِّرُوا۟ بِهَا
خَرُّوا۟ سُجَّدًا وَسَبَّحُوا۟ بِحَمْدِ رَبِّهِمْ

кои Го слават, величајќи Го, Господарот свој, и кои не се дујат!

وَهُمْ لَا يَسْتَكْبِرُونَ ۩ ١٥

16. Страните нивни од постела се накривуваат, повикувајќи го Господарот свој, и од страв и од желба, и кои делат од ‘рскот Наш што им го дадовме.

تَتَجَافَىٰ جُنُوبُهُمْ عَنِ ٱلْمَضَاجِعِ يَدْعُونَ رَبَّهُمْ خَوْفًا
وَطَمَعًا وَمِمَّا رَزَقْنَٰهُمْ يُنفِقُونَ ١٦

17. Па, ниедна душа не знае какви радости им се кријат... награда за она што го работеа.

فَلَا تَعْلَمُ نَفْسٌ مَّآ أُخْفِىَ لَهُم مِّن قُرَّةِ أَعْيُنٍ جَزَآءًۢ
بِمَا كَانُوا۟ يَعْمَلُونَ ١٧

18. Еднаков ли е верникот со расипникот? Не можат да се изедначат!

أَفَمَن كَانَ مُؤْمِنًا كَمَن كَانَ فَاسِقًا ۚ
لَّا يَسْتَوُۥنَ ١٨

19. А што се однесува до оние кои веруваат и кои добри дела работат...та, за нив има престојувалиште од бавчи џеннетски, подготвени за она што го работеа.

أَمَّا ٱلَّذِينَ ءَامَنُوا۟ وَعَمِلُوا۟ ٱلصَّٰلِحَٰتِ فَلَهُمْ
جَنَّٰتُ ٱلْمَأْوَىٰ نُزُلًۢا بِمَا كَانُوا۟ يَعْمَلُونَ ١٩

20. А што се однесува, пак, до расипаните...та, огнот е престојувалиштето нивно. Секојпат кога ќе посакаат да излезат од него ќе бидат вратени во него, и ќе им се вели: “Искусете ја казната огнена за која сметавте дека е лажна!”

وَأَمَّا ٱلَّذِينَ فَسَقُوا۟ فَمَأْوَىٰهُمُ ٱلنَّارُ ۖ كُلَّمَآ أَرَادُوٓا۟
أَن يَخْرُجُوا۟ مِنْهَآ أُعِيدُوا۟ فِيهَا وَقِيلَ لَهُمْ ذُوقُوا۟
عَذَابَ ٱلنَّارِ ٱلَّذِى كُنتُم بِهِۦ تُكَذِّبُونَ ٢٠

21. И Ние ќе дадеме сигурно да искусат казна помала покрај казната голема за да се покајат.

وَلَنُذِيقَنَّهُم مِّنَ ٱلْعَذَابِ ٱلْأَدْنَىٰ دُونَ
